# АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

ПЕРЦЕПЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ ЗА МОМЕНТАЛНАТА ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА ВО МАКЕДОНИЈА

# Содржина


01 Методологија на истражувањето

02 Демографија на испитаниците

03 Општа политичка состојба

04 Формирање нова влада

05 „Албанска платформа“

06 Работата на Специјалното јавно обвинителство

07 Меѓународни односи

08 Промена на поддршката за политичките партии

09 Најважни приоритети на новата влада

10 Извори на информации


TEAM Institute research, quality and development

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ПОПУЛАЦИЈА

Граѓани, државјани на Република Македонија на возраст од 18 години и постари

## ДИЗАЈН НА ПРИМЕРОКОТ

Повеќестепен стратификуван примерок на 807 испитаници на возраст од 18 години и постари, кои имале прв следен роденден во домаќинството. Домаќинствата се дистрибуирани пропорционално во урбани и рурални населени места во сите 8 региони во Македонија, земајќи ја предвид и етничката припадност на граѓаните на РМ. Пропорција на фиксни и мобилни телефони – 70% / 30%

## ГОЛЕМИНА НА ПРИМЕРОКОТ

807 испитаници

маргина на грешка ±3.46%

## ПЕРИОД НА СПРОВЕДУВАЊЕ

17ти до 21ви март 2017

- СДСМ поднесе иницијатива за продолжување на конститутивната седница на Собранието
- Заев беше повикан од Основното јавно обвинителство на распит во врска со нелегално финансирање на изборната кампања во 2016 година
- посетата на Еврокомесарот за проширување Јоханес Хан и на тројцата европратеници и нивните средби со политичките партии

## АНКЕТАРСКА МРЕЖА

18 искусни телефонски анкетари

## ПРОСЕЧНО ТРАЕЊЕ НА АНКЕТАТА

8 минути

стапка на прифаќање на анкетата: 57%

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

# ДЕМОГРАФИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ









# ПЕРЦЕПЦИЈА НА ОПШТАТА СОСТОЈБА ВО МАКЕДОНИЈА

# ПРАВЕЦ ВО КОЈ СЕ ДВИЖИ МАКЕДОНИЈА

**Q1. Дали според Вас, Македонија се движи во правилна или во погрешна насока?**




Македонија се движи во погрешна насока

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Речиси две третини од интервјуираните граѓани сметаат дека Македонија се движи во погрешна насока
- ✓ Една четвртина од граѓаните сметаат дека Македонија не се движи ниту во правилна ниту во погрешна насока
- ✓ Единствено 8% од интервјуираните граѓани веруваат дека Македонија се движи во правилна насока

# НАЈСЕРИОЗНИ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВА МАКЕДОНИЈА

**Q2. Според Вас, кои се двата најсериозни проблеми со кои се соочува Македонија денес?**




Можни се 2 одговори

Општата политичка состојба е најсериозниот проблем за граѓаните во Македонија

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Петте најсериозни проблеми според граѓаните во Македонија се:

- Политичката криза
- Невработеноста
- Сиромаштијата
- Економската криза
- Албанската платформа

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА МОМЕНТАЛНАТА ПОЛИТИЧКА СИТУАЦИЈА

**Q3. Како би ја опишале моменталната политичка ситуација во Македонија?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Моменталната политичка ситуација во Македонија, најчесто **граѓаните** ја опишуваат како тензична и несигурна

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Секој втор граѓанин во Македонија ја опишува моменталната политичка ситуација како тензична и нестабилна
- ✓ За 38% од Македонските граѓани моменталната политичка ситуација е критична и нестабилна
- ✓ Само 3.3% од граѓаните ја опишуваат политичката ситуација како мирна и стабилна

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

**Q6. Во која мера имате или немате доверба во следниве институции?**

(Сите испитаници кои одговориле на прашањето)




Граѓаните во Македонија најмалку им веруваат на судовите

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Претседателот на РМ и Специјалното јавно обвинителство се институции со најголема доверба
- ✓ Граѓаните најмалку им веруваат на судовите и на Јавното обвинителство

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

**Q6. Во која мера имате или немате доверба во следниве институции?**




Македонците најмногу им веруваат на Претседателот на РМ, Албанците на Специјалното јавно обвинителство

## ЗАБЕЛЕШКА

- ✓ Во споредба со етничките Албанци, Македонците повеќе им веруваат на Претседателот на РМ, Собранието, судовите и Јавното обвинителство
- ✓ Албанците имаат повеќе доверба во Специјалното јавно обвинителство во споредба со Македонците и останатите етнички групи
- ✓ Македонците и Албанците подеднакво им веруваат на политичките партии и на медиумите

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

**Q6. Во која мера имате или немате доверба во следниве институции?**

БАЗА (Сите испитанции кои дале оценка )




**Граѓаните со високо образование имаат помалку доверба во сите институции, освен во СЈО**

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Образованието на граѓаните е поврзано со степенот на доверба во државните институции
- ✓ Граѓаните со високо образование имаат помалку доверба во Претседателот, Собранието, судовите и Јавното обвинителство
- ✓ Од друга страна, граѓаните со повисоко образование имаат повеќе доверба во Специјалното јавно обвинителство во споредба со граѓаните со средно и основно образование

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

**Q6. Во која мера имате или немате доверба во следниве институции?**

Повозрасните граѓани најмногу му веруваат на Претседателот на РМ, помладите на СЈО

БАЗА (Сите испитанции кои дале оценка )




**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Граѓаните помлади од 35 години имаат помалку доверба во сите државни институции, освен во Специјалното јавно обвинителство, во кое имаат повеќе доверба, во споредба со останатите возрасни групи

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

# КОЈ Е НАЈОДГОВОРЕН?

**Q4. Кој е најодговорен за моменталната политичка ситуација во Македонија?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

ВМРО-ДПМНЕ и Претседателот Иванов се најодговорни за моменталната политичка ситуација во Македонија

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Податоците од истражувањето покажуваат слична дистрибуција на одговори во однос на прашањето кој е најодговорен за моменталната политичка ситуација во Македонија

# КОЈ Е НАЈОДГОВОРЕН?

**Q4. Кој е најодговорен за моменталната политичка ситуација во Македонија?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Македонците и Албанците имаат различна перцепција за одговорноста на политичките актери за моменталната политичка ситуација

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Македонците и останатите етнички групи во поголем процент веруваат дека албанските партии/ албанската платформа и СДСМ се одговорни за моменталната политичка ситуација во Македонија во споредба со етничките Албанци, за кои најодговорни се Претседателот Иванов и ВМРО-ДПМНЕ
- ✓ Единствено Албанците (16%) одговорноста ја лоцираат во ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ заедно со ДУИ

TEAM Institute research, quality and development
USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ИЗЛЕЗ ОД ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА

**Q5. Кој е излезот од моменталната политичка криза?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Формирање Влада од мнозинство пратеници е излез од политичката криза за една третина од македонските граѓани

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Една третина од граѓаните во земјата веруваат дека формирањето Влада во Собранието од мнозинство пратеници е излез од моменталната политичка криза во Македонија
- ✓ Секој четврти граѓанин во Македонија смета дека излезот од политичката криза е во нови парламентарни избори
- ✓ Секој дестетти граѓанин во Македонија смета дека ништо не може да ја реши кризата во земјата

TEAM Institute research, quality and development · USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE · NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ИЗЛЕЗ ОД ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА

**Q5. Кој е излезот од моменталната политичка криза?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Излезот од политичката криза е различен за Македонците и Албанците

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 72% од Албанците веруваат дека излезот од моменталната политичка криза е во формирање Влада во Собранието од мнозинство пратеници, додека за 20% излезот е во вклучување на меѓународната заедница
- ✓ Една третина од етничките Македонци и останатите етнички групи веруваат дека излезот од кризата е во нови парламентарни избори, додека една петтина смета дека е потребно формирање на Влада во Собранието од мнозинство пратеници

# ИЗЛЕЗ ОД ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА

**Q5. Кој е излезот од моменталната политичка криза?**




Изворот на информации високо корелира со перцепцијата за излезот од политичката криза

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Граѓаните кои политичките вести најчесто ги гледаат на ТВ Сител и Канал 5 во поголем процент веруваат дека излезот од моменталнта политичка криза е во нови парламентарни избори
- ✓ Гледачите на Телма, ТВ 24 и Алсат-М во поголем процент сметаат дека формирањето Влада во Собранието од мнозинство пратеници е излез од политичката криза во Македонија

TEAM Institute research, quality and development · USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE · NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ФОРМИРАЊЕ НА НОВА ВЛАДА

**Q7. Дали може мнозинство пратеници да формираат влада?**

Речиси две третини од граѓаните сметаат дека мнозинство пратеници може да формираат влада

БАЗА: 807
(Сите испитаници)




69 / 100

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 69 од 100 граѓани во Македонија веруваат дека мнозинството пратеници може да формираат влада
- ✓ 18 од 100 граѓани во Македонија сметаат дека мнозинството пратеници не може да формираат влада
- ✓ 12 од 100 граѓани во Македонија не можат да одредат дали мнозинството пратеници може да формираат влада

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q7. Дали може мнозинство пратеници да формираат влада?**

6 од 10 Македонци и 9 од 10 Албанци сметаат дека мнозинство пратеници може да формираат влада

## Македонци и останати



**61%**

## Албанци



**92%**

- Да
- Не
- Друго
- Не знае / Одбива

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Постои значајна разлика помеѓу етничките Македонци и Албанци во однос на прашањето за формирање влада од мнозинство пратеници
- ✓ Додека 92% од Албанците сметаат дека мнозинство пратеници може да формираат влада, 61% од Македонците го делат нивното мислење

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

## Q8. Дали СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата?




Половина од граѓаните сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Околу половина од граѓаните во Македонија сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата
- ✓ 30% од граѓаните сметаат дека СДСМ и коалициските партнери немаат право да ја предводат Владата
- ✓ 17% од интервјуираните граѓани не знаеле како да одговорат на ова прашање

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q8. Дали СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Речиси сите Албанци сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Постои значајна разлика помеѓу етничките Македонци и Албанци во однос на прашањето дали СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата
- ✓ Додека 93% од Албанците сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата, само 38% од Македонците го делат нивниот став

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q8. Дали СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата?**




Помладите граѓани во повисок процент сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 63% од граѓаните помлади од 35 години сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата, нивното мислење го делат 48% од граѓаните на возраст од 35 до 54 години и 42% од граѓаните повозрасни од 55 години

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q8. Дали СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Гледачите на ТВ Сител сметаат дека СДСМ и коалициските партнери немаат право да ја предводат Владата

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Постои значајна разлика помеѓу граѓаните кои гледаат различни ТВ станици за политички вести и нивниот став по ова прашање
- ✓ Додека 95% од граѓаните кои гледаат Алсат-М сметаат дека СДСМ и коалициските партнери имаат право да ја предводат Владата, нивниот став го делат 23% од гледачите на Канал 5 и единствено 3% од гледачите на ТВ Сител

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q9. Дали е легитимно формирањето Влада од страна на мнозинство пратеници иако Претседателот на РМ не го додели мандатот?**

Граѓаните на Македонија се поделени во однос на прашањето дали е легитимно формирањето Влада иако Претседателот на РМ не го додели мандатот




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 40% од граѓаните во Македонија сметаат дека формирањето Влада од страна на мнозинство пратеници е легитимно и без Претседателот на РМ да го додели мандатот, 34% од граѓаните не го делат нивното мислење
- ✓ Секој четврти граѓанин во земјата не знае дали е легитимно да се формира Влада без Претседателот на РМ да го додели мандатот

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q9. Дали е легитимно формирањето Влада од страна на мнозинство пратеници иако Претседателот на РМ не го додели мандатот?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Постои значајна разлика помеѓу Македонците и Албанците во однос на прашањето за легитимноста на формирање Влада без мандат доделен од Претседателот на РМ

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Додека 84% од етничките Албанци сметаат дека е легитимно формирањето Влада од страна на мнозинство пратеници без доделен мандат од страна на Претседателот на РМ, една четвртина од етничките Македонци и другите етнички групи го делат нивното мислење

# ФОРМИРАЊЕ НОВА ВЛАДА

**Q9. Дали е легитимно формирањето Влада од страна на мнозинство пратеници иако Претседателот на РМ не го додели мандатот?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Повозрасните граѓани во повисок процент сметаат дека формирањето Влада без мандат од Претседателот на РМ не е легитимно

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 45% од интервјуираните граѓани на возраст под 35 години сметаат дека е легитимно формирање Влада од страна на мнозинство пратеници без Претседателот на РМ да го додели мандатот, 38% од граѓаните на возраст од 35-54 и 35% од граѓаните над 55 години го делат нивното мислење

TEAM Institute research, quality and development · USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE · NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q10. Дали треба да се продолжи мандатот на СЈО да гони кривични дела кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите?**

Граѓаните на Македонија веруваат дека мандатот на СЈО треба да се продолжи




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Речиси 60% од граѓаните сметаат дека мандатот на СЈО да гони кривични дела кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите треба да продолжи
- ✓ Секој четврти граѓанин во Македонија смета дека мандатот на СЈО не треба да биде продолжен
- ✓ Речиси 12% од граѓаните не знаат дали мандатот на СЈО треба да биде продолжен

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q10. Дали треба да се продолжи мандатот на СЈО да гони кривични дела кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите?**

Речиси сите Албанци сметаат дека мандатот на СЈО треба да се продолжи

## Македонци

## Албанци



**47%**

**96%**

- Да
- Не
- Друго
- Не знае / Одбива

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Додека 96% од етничките Албанци сметаат дека мандатот на СЈО треба да биде продолжен, нивното мислење го делат само 47% од Македонците и другите етнички групи

TEAM Institute research, quality and development · USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE · NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q10. Дали треба да се продолжи мандатот на СЈО да гони кривични дела кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Помладите граѓани во повисок процент сметаат дека мандатот на СЈО треба да се продолжи

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 70% од граѓаните на возраст до 35 години сметаат дека мандатот на СЈО треба да биде продолжен, 58% од граѓаните на возраст од 35-54 години и 50% од граѓаните на возраст над 55 години го делат нивното мислење

TEAM Institute research, quality and development
USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q10. Дали треба да се продолжи мандатот на СЈО да гони кривични дела кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Граѓаните кои гледаат ТВ Сител сметаат дека мандатот на СЈО не треба да се продолжи

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Додека над 90% од граѓаните кои најчесто гледаат Алсат-М и ТВ 24 за политички вести веруваат дека мандатот на СЈО треба да биде продолжен, нивниот став го делат 33% од гледачите на Канал 5 и единствено 10% од гледачите на ТВ Сител

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q11. Во која мера се согласувате или не се согласувате со следните изјави: Работата на СЈО е политизирана?**

Граѓаните на Македонија се поделени во однос на прашањето дали работата на СЈО е политизирана




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Околу 29% од граѓаните во Македонија веруваат дека работата на СЈО е политизирана
- ✓ Една петтина од граѓаните ниту се согласуваат ниту не се согласуваат дека работата на СЈО е политизирана
- ✓ Речиси една третина од граѓаните во Македонија не веруваат дека работата на СЈО е политизирана
- ✓ Околу 18% од интервјуираните граѓани изразиле неможност да ја оценат политизираноста на работата на СЈО

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q11. Во која мера се согласувате или не се согласувате со следните изјави: Судскиот систем во Македонија е пристрасен?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Македонските граѓани сметаат дека судскиот систем во Македонија е пристрасен

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Половина од граѓаните во Македонија сметаат дека судскиот систем во Македонија е пристрасен
- ✓ Повеќе од една четвртина од македонските граѓани ниту се согласуваат ниту не се согласуваат дека судскиот систем е пристрасен
- ✓ Единствено 7.4% од граѓаните во Македонија не веруваат дека Судскиот систем во земјата е пристрасен
- ✓ Околу 17% од интервјуираните граѓани не се во можност да одговорат на прашањето за пристрасноста на судскиот систем во земјата

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q11. Во која мера се согласувате или не се согласувате со следните изјави: Работата на СЈО е правична?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Граѓаните на Македонија се поделени во однос на прашањето дали работата на СЈО е правична

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Околу една третина од граѓаните во Македонија веруваат дека работата на СЈО е правична
- ✓ Околу 22% од македонските граѓани ниту се согласуваат ниту не се согласуваат дека работата на СЈО е правична
- ✓ Една четвртина од граѓаните во Македонија не веруваат дека работата на СЈО е правична
- ✓ Околу 19% од интервјуираните граѓани не можеле да одредат дали работата на СЈО е правична

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Q11. Во која мера се согласувате или не се согласувате со следните изјави: СЈО е институција со најмногу доверба?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Граѓаните на Македонија се поделени во однос на прашањето дали СЈО е институција со најмногу доверба

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Речиси 31% од граѓаните во Македонија веруваат дека СЈО е институција со најмногу доверба во земјата, додека 28% од граѓаните не го делат нивниот став
- ✓ Околу 22% од граѓаните ниту се согасуваат ниту не се согласуваат дека СЈО е институција со најмногу доверба
- ✓ Речиси една петтина од македонските граѓани изразиле неможност да одговорат на ова прашање

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД ЛИДЕРИТЕ НА АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q12. Дали сте ја прочитале платформата потпишана од лидерите на албанските партии?**




Мнозинството граѓани во Македонија не ја прочитале платформата потпишана од албанските партии

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 81% од граѓаните во Македонија не ја прочитале платформата потпишана од лидерите на албанските партии
- ✓ Секој петти граѓанин во Македонија изјавува дека ја прочитал платформата потпишана од албанските партии
- ✓ Додека 42% од етничките Албанци ја прочитале платформата потпишна од лидерите на албанските партии, единствено 11% етнички Македонци го сториле истото

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q13. Колку сте информирани за платформата потпишана од албанските политички партии?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Една третина од граѓаните сметаат дека не се информирани за „албанската платформа“

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Речиси половина од граѓаните во Македонија сметаат дека се донекаде информирани за платформата потпишана од албанските политички партии
- ✓ Околу 34% од граѓаните изјавиле дека не се информирани или воопшто не се информирани за платформата
- ✓ Неинформирани за платформата се 43% етнички Македонци и 9% етнички Албанци

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_1. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на Македонија?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Граѓаните во Македонија се поделени во однос на прашањето дали платформата е странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на Македонија

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 35.5% од граѓаните веруваат дека платформата е странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на Македонија, 31% од граѓаните не го дели нивното мислење
- ✓ 15% од граѓаните ниту се согласуваат ниту не се согласуваат со оваа изјава, додека 18.5% не се во можност да одредат дали платформата е странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на Македонија

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_1. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на Македонија?**

Албанците не веруваат дека платформата е странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на Македонија




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Додека 46% од анкетираните Македонци сметаат дека платформата потпишана од лидерите на албанските партии е странско мешање во внатрешните работи и го загрозува суверенитетот на земјата, ниту еден анкетиран Албанец не го дели ова мислење

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_2. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Во духот на Охридскиот рамковен договор и повикува на еднакви можности за етничките Албанци?**

Секој четврти граѓанин во Македонија верува дека платформата е во духот на Охридскиот рамковен договор




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека една четвртина од граѓаните веруваат дека платформата е во духот на Охридскиот рамковен договор и повикува за еднакви можности за етничките Албанци, 22.3% од граѓаните не го делат ова мислење
- ✓ Секој петти граѓанин во земјата ниту се согласува ниту не се согласува со оваа изјава, додека секој трет граѓанин во земјата не знае дали платформата е во духот на Охридскиот рамковен договор и повикува за еднакви можности за етничките Албанци

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_2. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Во духот на Охридскиот рамковен договор и повикува на еднакви можности за етничките Албанци?**




20% Македонци и 43% Албанци веруваат дека платформата е во духот на Охридскиот рамковен договор

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Додека 43% од етничките Албанци веруваат дека платформата е во духот на Охридскиот рамковен договор и повикува за еднакви можности за етничките Албанци, 20% од етничките Македонци и останатите етнички групи го дели нивниот став.

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_3. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Популистички обид на политичките партии да се здобијат со политичка поддршка?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Секој трети граѓанин во Македонија смета дека платформата е популистички обид на политичките партии

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 30% од граѓаните во Македонија сметаат дека платформата е популистички обид на политичките партии да се здобијат со политичка поддршка, 13% од граѓаните не го делат нивното мислење
- ✓ Секој петти граѓанин во земјата ниту се согласува ниту не се согласува со изјавата, додека секој трет граѓанин не може да одреди дали платформата е популистички обид на политичките партии да се здобијат со политичка поддршка

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_3. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Популистички обид на политичките партии да се здобијат со политичка поддршка?**




Македонците и Албанците во ист процент се согласуваат дека платформата е популистиччки обид на политичките партии да се здобијат со поддршка

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Речиси е ист процентот на етнички Македонци и Албанци кои сметаат дека платформата е популистички обид на политичките партии да се здобијат со политичка поддршка

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_4. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Делумно прифатлива и делови од истата треба да се имплементираат од новата Влада?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Граѓаните во Македонија се поделени во однос на прашањето дали платформата е делумно прифатлива и треба да се имплементира од новата Влада

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Околу 24% од граѓаните на Македонија веруваат дека платформата е делумно прифатлива и делови од истата треба да се имплементираат од новата Влада, додека 32% од граѓаните не го делат нивниот став
- ✓ Околу 16% од граѓаните ниту се согласуваат ниту не се согласуваат со изјавата, додека 28% не можат да одредат дали платформата е делумно прифатлива и делови од истата треба да се имплементираат од новата Влада

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_4. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Делумно прифатлива и делови од истата треба да се имплементираат од новата Влада?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Платформата е делумно прифатлива за 14% Македонци и 54% Албанци

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ За 38% етнички Македонци и останати етнички групи, платформата не е делумно прифатлива и делови од истата не треба да се имплементираат од новата Влада
- ✓ Повеќе од половина етнички Албанци сметаат дека платформата е делумно прифатлива и делови од истата треба да се имплементираат од новата Влада

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_5. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Целосно неприфатлива и треба да се отфрли од сите политички партии во Македонија?**




За една третина од граѓаните во Македонија платформата е целосно неприфатлива

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека една третина од граѓаните во Македонија сметаат дека платформата е целосно неприфатлива и треба да се отфрли од сите политички партии во Македонија, 28% од граѓаните не го делат овој став

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ПЛАТФОРМАТА ПОТПИШАНА ОД АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ

**Q14_5. Платформата потпишана од лидерите на албанските партии во Македонија е: Целосно неприфатлива и треба да се отфрли од сите политички партии во Македонија?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

За 44% од Македонците, платформата потпишана од албанските партии е целосно неприфатлива

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Додека 44% од етничките Македонци сметаат дека платформата потпишана од албанските партии е целосно неприфатлива и истата треба да се отфрли од сите политички партии во Македонија, ниту еден интервјуиран етнички Албанец не го дели овој став

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_1. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: ВМРО-ДПМНЕ?**




Речиси една петтина од граѓаните ја намалиле својата поддршка за ВМРО-ДПМНЕ

**ЗАБЕЛЕШКА**

- За 28.4% од граѓаните, поддршката за ВМРО-ДПМНЕ по изборите останала иста
- 19.4% од граѓаните во Македонија го поддржуваат ВМРО-ДПМНЕ помалку, додека 14.6% од граѓаните по изборите го поддржуваат ВМРО-ДПМНЕ повеќе

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_1. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: ВМРО-ДПМНЕ?**




Секој трет етнички Албанец ја намалил својата поддршка за ВМРО-ДПМНЕ по изборите

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека околу третина од Албанците ја намалиле својата поддршка за ВМРО-ДПМНЕ по изборите, додека околу 15% од Македонците го сториле истото.
- ✓ 19% од етничките Македонци ја зголемиле својата поддршка за ВМРО-ДПМНЕ по изборите и по пораките испратени од политичките партии.

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_2. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: СДСМ?**




Кај една петтина од граѓаните поддршката за СДСМ се намалила

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Секој петти граѓанин во Македонија го поддржува СДСМ помалку по изборите и пораките испратени од политичките партии.
- ✓ Поддршката за СДСМ останала иста кај 29% од граѓаните, додека 17% од граѓаните ја зголемиле својата поддршка за СДСМ по изборите и пораките испратени од политичките партии.

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

TEAM Institute research, quality and development
USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_2. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: СДСМ?**




По изборите кај Албанците се зголемила поддршката за СДСМ

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 37% од етничките Албанци го поддржуваат СДСМ повеќе по изборите, 10% од етничките Македонци ја зголемиле својата поддршка за СДСМ
- ✓ Секој четврти Македонец го поддржува СДСМ помалку по изборите и по пораките испратени од политичките партии

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_3. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: ДУИ?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

По изборите, една петтина од граѓаните ја поддржуваат ДУИ помалку

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Секој петти граѓанин во Македонија ја поддржува ДУИ помалку по изборите и пораките испратени од политичките лидери.
- ✓ Поддршката за ДУИ останала иста кај 21% од граѓаните, додека 3.4% ја зголемиле поддршката за оваа партија постизборно.

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_3. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: ДУИ?**




29% од Албанците ја намалиле својата поддршка за ДУИ по изборите

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Додека 13% од етничките Албанци ја зголемиле својата поддршка за ДУИ по изборите, ниту еден интервјуиран етнички Македонец не ги поддржува ДУИ повеќе по изборите и пораките испратени од политичките партии.
- ✓ Од друга страна, 29% од етничките Албанци ја намалиле својата поддршка за ДУИ постизборно.

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_4. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: БЕСА?**




8% од граѓаните ја зголемиле својата поддршка за БЕСА по изборите

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 8% од граѓаните во Македонија ја поддржуваат БЕСА помалку по изборите.
- ✓ Поддршката за БЕСА останала иста кај 26% од граѓаните, додека кај 8% од граѓаните се зголемила поддршката за БЕСА постизборно.

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_5. Дали постизборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: Алијанса за Албанците?**




Кај 6% од граѓаните се зголемила поддршката за Алијанса за Албанците по изборите

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 8% од граѓаните во Македонија ја намалиле својата поддршка за Алијансата за Албанците по изборите и пораките испратени од политичките лидери.
- ✓ Поддршката за Алијансата за Албанците останала иста кај 25% од граѓаните, додека 6% ја зголемиле својата поддршка за оваа партија постизборно.

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ПРОМЕНА ВО ПОДДРШКАТА ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Q15_6. Дали пост изборните случувања и пораките испратени од политичките партии ја променија Вашата поддршка за: ДПА?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

9% од граѓаните ја поддржуваат ДПА помалку по изборите

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 9% од граѓаните во Македонија ја поддржуваат ДПА помалку по изборите и пораките испратени од политичките лидери.
- ✓ Поддршката за ДПА останала иста кај 27% од граѓаните, додека кај 2% од граѓаните се зголемила поддршката за ДПА постизборно.

TEAM Institute research, quality and development
USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ВРВНИ ПРИОРИТЕТИ НА НОВАТА ВЛАДА

# ВРВНИ ПРИОРИТЕТИ НА НОВАТА ВЛАДА

**Q16. Што треба да биде врвен приоритет на новата Влада?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

**Економијата и животниот стандард треба да бидат приоритет на новата Влада**

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Развојот на економијата, ставање крај на политичката криза, отворањето на нови работни места, единството на народот и државата и владеењето на правото треба да бидат петте врвни приоритети на новата Влада.

TEAM Institute research, quality and development · USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE · NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

# МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

**Q17. Според Вас, кој од следниве најмногу им помага на националните интереси на Македонија?**




Европската Унија најмногу им помага на националните интереси на Македонија

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Околу една петтина од интервјуираните граѓани веруваат дека Европската Унија најмногу им помага на националните интереси на Македонија.
- ✓ Секој десетти граѓанин во земјата верува дека САД најмногу им помагаат на националните интереси на Македонија.
- ✓ 32.1% од граѓаните сметаат дека никој не им помага на националните интереси на земјата.

# МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

**Q17. Според Вас, кој од следниве најмногу им помага на националните интереси на Македонија?**




БАЗА: 807
(Сите испитаници)

Речиси 40% од етничките Македонци веруваат дека никој не помага на националните интереси на Македонија

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ 41% од етничките Албанци веруваат дека ЕУ најмногу им помага на националните интереси на Македонија, додека 15% од етничките Македонци го делат нивното мислење
- ✓ 39% од етничките Македонци веруваат дека никој не им помага на македонските национални интереси, додека 12% од етничките Албанци го делат нивниот став

# ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

# ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

## Q18. Од каде се информирате за политички вести?




Телевизијата е најважен извор на информации за политички вести

**ЗАБЕЛЕШКА**

- ✓ Телевизијата е најчесто споменуван извор на политички вести
- ✓ 15.5% од граѓаните ги користат сите медиуми како извор за политички вести

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

TEAM Institute research, quality and development
USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

**Q19. Ве молиме наведете од која конкретно телевизија/ радио/ весник/ веб страна се информирате за политички вести ?**

| | % |
|---|---|
| Сител | 14.4 |
| Канал 5 | 13.7 |
| Алсат-М | 12.8 |
| ТВ 24 | 11.9 |
| Facebook/ социјални медиуми | 11.9 |
| Телма | 9.4 |
| Сите ТВ канали | 8.7 |
| ТВ 21 | 4.9 |
| Никој, не сум заинтересиран | 3.2 |
| МТВ | 2.5 |
| www.time.mk | 1.4 |
| ТВ НОВА | 1.2 |
| Алфа | 0.6 |

Сител е најгледаната ТВ станица за политички вести

**ЗАБЕЛЕШКА**

✓ Сител, Канал 5 и Алсат-М се трите најгледани телевизии за политички вести

БАЗА: 807
(Сите испитаници)

# ВИ БЛАГОДАРИМЕ!

**Контакт:**
**Email: office@timinstitut.eu.mk**